0201-
31.05.2022

Точка 2/3
32-ро Годишно Собрание на Акционери, 31/05/2022

***Предлог***

Врз основа на член 487 и член 490 од Законот за трговски друштва како и член 36 од Правилата за котација на Македонската берза, Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје на својата 32-ра седница на Годишното Собрание, одржана на ден 31.05.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар**

**Член 1**
Врз основа на Одлуката за распределба на добивката на Друштвото остварена во 2021 година, дивиденда во бруто износ од 73,00 денари по акција ќе биде исплатена на акционерите.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

**Член 2**
Последен ден на тргување со право на дивиденда е 22.06.2022.

**Член 3**
Првиот датум тргување без право на дивиденда е 23.06.2022.

**Член 4**
Датумот на кој се определува листата на акционери со право на дивиденда ќе се утврди врз основа на Акционерската книга на 24.06.2022 до 16:00 часот.

**Член 5**
Исплатата на дивиденда ќе се изврши започнувајќи на 27.07.2022 година, а не подоцна од 30.09.2022 година.

**Член 6**
Одлуката стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на акционери
Претседавач,

Образложение

Согласно член 383 став 1 точка 2 и член 483 став 1 од Законот за трговските друштва (ЗТД), како и согласно член 25 став 1 точка 2 од Статутот на Друштвото, во надлежност на Собранието на акционери е да одлучува за распределбата на добивката. Согласно член 384 став 2 точка 2 од ЗТД, на Годишното собрание, акционерите одлучуваат за употребата на чистата добивка или за покривање на загубата во претходната деловна година.

Согласно член 487 став 1 од ЗТД, по одобрување на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето добивка за распределба, Собранието на Акционери го определува делот којшто им се доделува на акционерите во форма на дивиденда, според правата што ги дава рокот и класата на акциите. Согласно член 487 став 2 д ЗТД, органот на управување може да исплати дивиденда во износ којшто не ја надминува вкупно остварената добивка искажана со годишната сметка и со финансиските извештаи, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години или со резервите кои можат да се распределуваат, односно кои ги надминуваат законските резерви и резервите определени со Статутот и ако се покриени загубите од претходните години, ако тие од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи. Согласно член 487 став 5 од ЗТД, дивидендата се исплатува најдоцна во рок од девет месеца по завршување на деловната година.

Согласно член 329 став 1 од ЗТД, акционерите имаат право на учество во добивката, додека согласно став 2 од истиот член, учеството на акционерите во добивката се определува според родот и класата на акциите.

Согласно член 490 став 1 од ЗТД, со одлуката на Собранието со којашто се одобрува плаќање на дивиденда, се определува:
1) износот на дивидендата;
2) датумот на евиденција според којшто се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда и
3) планот за исплата на дивидендата и денот на којшто дивидендата се исплаќа (ден на исплата) и начинот на кој друштвото ги известува лицата кои имаат право на дивиденда според донесената одлука.

Согласно член 36 од Правилата за котација на Македонската берза, доколку друштвото носи одлука за исплата на дивиденда, истото има обврска да изготви и објави дивиденден календар, во кој треба да бидат утврдени:
- износот на бруто дивиденда по акција изразен во денари
- датумот на пресек на акционерската книга, кој треба да биде најмалку 14 дена од денот на одржување на Собранието на акционери на кое се носи одлуката за делење на дивиденда;
- последниот датум на тргување со право на дивиденда;
- првиот датум на тргување без право на дивиденда;
- временскиот рок (датумот) за исплата на дивидендата;
- начинот на исплата на дивидендата.

Деловната 2021 година ОКТА АД – Скопје ја заврши со остварена чиста (нето) добивка во износ од 378,191,543.00 денари. Согласно предлог Одлуката за распоредување на добивката остварена во 2021 година, утврдена од Одборот на директори на 197-миот состанок одржан на

ден 26.04.2022 година, Одборот на директори му предлага на Собранието на Акционери дел од добивката, во вкупен износ од 61.784.280,00 денари да биде исплатен како дивиденда на акционерите. Имајќи предвид дека вкупниот број на акции во Друштвото кои се во сопственост на акционерите е 846.360, од кои сите се обични акции, со исти права, следува дека дивидендата која Одборот на директори предлага да биде исплатена на акционерите, во бруто износ изнесува 73,00 денари по акција. Воедно, Одборот на директори му предлага на Собранието на Акционери да ја донесе оваа предлог Одлука во која е содржан изготвениот предлог дивиденден календар.